Врз основа на член 2, став 2 од Одлуката за основање на Локален совет за волонтерство на Општина Битола бр.09-83/14 од 26.06.2018 година („Службен гласник на Општина Битола” бр.8/18), Советот на Општина Битола обiавува:

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

1. Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола е советодавно работно тело на Советот на Општина Битола, кој е основан со цел да работи на зголемување на бројот на младинско учество во локалната заедница преку волонтерство и да работи на препознавање и признавање на волонтерскиот труд на локално ниво. **Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола има 9 членови**.
2. Право да предлагаат кандидати за членови во Советот за волонтерство имаат:
   • локални јавни институции;
   • граѓански организации.

3. Кандидатите за членови во Локалниот совет за волонтерство треба да ги исполнуваат следните услови:
   - да се на возраст над 18 подини,
   - да имаат живеалиште на подрачјето на Општина Битола,
   - да бидат предложени како кандидати за членови од овластените субјекти од точка 2 на овој повик,
   - да имаат претходно искуство во полето на волонтерството, неговата улога, регулација и постоење во Република Македониiа;
   - да имаат претходно искуство во координирање и спроведување на волонтерски и младински програми,
   - да имаат претходно искуство во соработка со локалната самоуправа и граѓански сектор,
   - да имаат претходно искуство во партиципативни процеси на донесување одлуки на локално ниво,
   - да имаат познавање на правната регулатива во Република Македонија, а особено на Закон за здруженија и фондации и Закон за волонтерство.
   - да поседуваат способност да работат во тим и да почитуваат рокови.

4. Кандидатите за членови треба да ја поднесат следната документациiа како доказ за исполнување на условите од точка 3:
   - Извод од матична книга на родените или копија од лична карта или пасош.
   - Кратка биографија (CV),
   - Мотивациско писмо,
   - Писмен предлог од организацијата/институцијата која го предлага кандидатот, потпишан од овластеното лице на истата и заверен со печат.

5. Рокот за доставување на предлозите за **кандидати е 7 работни дена** од денот на објавувањето на овој јавен повик, сметајќи го денот на самото објавување.

6. Документацијата од точка 4 се поднесува на следната адреса:
Совет на Општина Битола - Комисија за мандатни прашања, избори и именување „Бул. 1 Мај бр. 61" – Битола, со назнака „ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ ВО ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА“.

Бр.0914-25/4
26.02.2025

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Габриела Илиевска